„Кој ќе чува куче, освен за чување на добиток или за лов, секој ден ќе му се одземаат по два кирата од неговите добри дела.“

Ибн Омер, Аллах нека е задоволен со него и со неговиот татко, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кој ќе чува куче, освен за чување на добиток или за лов, секој ден ќе му се одземаат по два кирата од неговите добри дела.“ Салим рекол: А Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, додавал: „Или куче за чување на нива,“ бидејќи тој имал земјоделско земјиште.

[صحيح] [متفق عليه]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, предупредил на чување кучиња без потреба – освен ако се чуваат за лов, за чување добиток или за заштита на посеви. Кој ќе чува куче за нешто друго освен за овие оправдани потреби, секој ден ќе му се одземаат по два кирата од наградата за неговите добри дела – а колкава е таа мерка, само Возвишениот Аллах знае.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/2994